# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**25.07.2022 год.** **Бр.IX**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/19 и 7/20), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на актите донесени на 15-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 22.07.2022 година**

1.СЕ ОБЈАВУВААТ актите донесени на 15-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 22.07.2022 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.09-949/1 од 25.07.2022 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 15-та седница, одржана на 22.07.2022 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 13-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 21.06.2022 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).
**Бр.08-923/3 од 22.07.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр.1/2007; 16/2014, 7/19 и 7/20) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 15-та седница, одржана на 22.07.2022 година го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 14-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 06.07.2022 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).
**Бр.08-923/4 од 22.07.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителската дејност („Сл.весник на РМ” бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16 и „Сл.весник на РСМ„ бр.31/20), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07; 16/2014; 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 22.07.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за продолжување на работното време на угостителските објекти**

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на подрачјето на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа за време на манифестацијата Научно културни средби Десет дена Крушевска Република во деновите 30, 31.07 и 01.08.2022 година, како и во деновите 05, 06 и 07.08.2022 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-923/5 од 22.07.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 46 став 3 и 4 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ” бр.5/2002), член 30 став 3 и 4 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/2014, 7/2019 и 7/2020), Советот на Општина Крушево на седницата оджана на 22.07.2022 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за оправаданоста на отсуството на член на Советот на Општина Крушево**

**Член 1**

Со оваа Одлука, Советот на Општина Крушево утврди дека отсуството од седници на Советот на Општина Крушево на членот Љуљзин Адеми од с.Норово од советничката листа на Колиција Алијанса за албаниците и Алтернатива е оправдано.

**Член 2**

Членот на Советот на Општина Крушево од член 1 на оваа Одлука беше отсутен на три седници по ред и тоа: на 12-та седница одржана на 27.05.2022 година, на 13-та седница одржана на 21.06.2022 година и на 14-та седница одржана на 06.07.2022 година.

Советот го прифати образложението кое го даде членот на Советот за неговото отсуство.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-923/6 од 22.07.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

Врз основа на член 40 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РСМ“, бр.32/20 година), член 22 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 став 1 точка 6 и 7 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/07, 16/14, 7/19 и 7/20), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на ден 22.07.2022 година ја донесе следната:

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**
**ЗА 2022 ГОДИНА**

1.Во ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2022 ГОДИНА бр.08-1328/11 од 28.12.2021 година и ИЗМЕНАТА И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2022 ГОДИНА бр. 08-271/8 од 21.02.2022 година се вршат измени и дополнувања:

Во точка 7, став 7.8 се изменува и дополнува и гласи:

**7.8. Урбанистички проект за инфраструктура за спроведување на инфраструктурен вод - средонапонски 12/20 kV кабел до постојна трафостаница на дел од КП бр.2472, 6482, 6483/1, КО Крушево и дел од КП бр. 2436/2, 2455, 2457/1, 2457/2, 2457/3, 2458/1, 2458/2, 2460/1, 2460/2, 2460/3, 2471, 2474, 2488, 2490, 2885, 2886, 2967/1, 2968, 2969, 2970/1, 2971/1, 2972, КО Крушево – вгр., во граница на проектен опфат на ПИ за изградба на обиколница околу Крушево од Р517 до Р1306, Општина Крушево**

Границата на планско-проектниот опфат во кој ќе се врши изготвување на Урбанистичкиот проект е прикажана во графичкиот приказ, кој е составен дел на оваа измена и дополнување на Програмата.



1.Оваа измена и дополнување влегува во сила со денот на објавувањето во Службен Гласник на Општина Крушево и станува составен дел на ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2022 ГОДИНА бр.08-1328/11 од 28.12.2021 година и ИЗМЕНАТА И ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА 2022 ГОДИНА бр. 08-271/8 од 21.02.2022 година.

**Бр.08-923/7 од 22.07.2022 г. Крушево**
**Совет на Општина Крушево**
**Претседател Андреј Николоски, с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

**Ре.бр.** **стр.**


1.Заклучок за објавување на актите донесени на 15-та седница на Советот на Општина Крушево ... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 13-та седница на Советот на Општина Крушево ......... 1
3. Заклучок за усвојување на записникот од 14-та седница на Советот на Општина Крушево ......... 1
4. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ........................................ 2
5. Одлука за оправданоста на отсуството на член на Советот на Општина Крушево ....................... 2
6. Програма за измена и дополнување на програмата за финансирање на изработка на урбанистички планови за 2022 година ................ 2


Редакциски одбор на Општина Крушево.